ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 4800/3
Датум: 22.05.2026
Скопје

Врз основа на член 50, член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на спортот за 2026 година, Глава II Проектни активности, Точка 6. Еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош бр. 23/2025, 10/26), а во врска со Одлуката за објавување на Оглас за Доделување на еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош бр. 11-4800/2, од 20.05.2026 година, Комисијата за еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош

### I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште на подрачјето на општина Карпош најмалку 3 (три) години, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на спортот во општината и пошироко.

Спортските клубови се должни во барањето да ги наведат причините и намената за кои ги бараат средствата со финансиска конструкција и спецификација.

### II. Потребни документи и услови за учество

1. Потврда од матичната национална спортски федерација дека клубот се натпреварува во национално спортско првенство со најмалку 5 (пет) клуба (да се наведат клубовите).

2. Навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош од претходната година.
3. Да имаат изработено годишна програма за работа на клубот;
4. Да имаат организирана и активна спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални спортски федерации во најмалку две млади селекции;
5. Решение за регистрација на спортскиот клуб (решение од централен регистар не постар од 3 месеци).
6. Спортските клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат.
7. Решение за вршење дејност спорт од страна на Министерството за спорт, (односно претходно АМС).

## III. Категоризација и критериуми на спортови за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови

**а.** Согласно комплексноста, особениот и специфичен интерес на Општина Карпош, спортовите се категоризират на:

**Група 1 - Олимписки екипни спортови:**

1.1 Кошарка

1.2 Одбојка

1.3 Ракомет

1.4 Фудбал

**Група 2 - Олимписки индивидуални спортови:**

2.1. Бокс

2.2. Џудо

2.3. Бадминтон и

2.4. Останати олимписки индивидуални спортови

**Група 3 - Неолимписки спортови**

**6. Критериуми**

1. Ранг на натпреварување на сениорскиот тим.
2. Пласман на сениорскиот клуб на последното официјално завршено национално спортско првенство (со официјален документ од националната спортска федерација за последната завршена натпреварувачка сезона).
3. Бројот на активни млади селекции кои се натпреваруваат во младите лиги и нивен пласман на табела за последната завршена натпреварувачка сезона, (документ од националната спортска федерација за постигнати резултати за последната натпреварувачка сезона).
4. Да достават резултати - табела на сите млади селекции со кои располага клубот,
5. Најмалку еден лиценциран тренер.

## III. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, финансиската поддршка за клубови кои имат сениорски тимови и млади категории, комисијата висината на финансиските средства ќе ги предложи со мнозинство гласови и ќе се доделува според претходно изготвен правилник за оваа намена кој ќе биде објавен во прилог на овој оглас.

## IV. Начин на пријавување

Документите можат да се доставаат во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), со ознака „Не отворај“ и со назнака „Еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош “.

## V. Рок за поднесување на документите

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 22.06.2026 година.

Документите на спортските клубови кои се некомплетни нема да бидат разгледувани.

Условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиската поддршка ќе се уреди со претходно изготвен правилник за оваа намена.

ОПШТИНА КАРПОШ